**ВОСТАНИЕТО НА ДЕРВИШ ЦАРЕ**
**(1843-1844)**

**Далибор Јовановски**

Македонскиот историчар академик Александар Матковски, слободно може да кажеме дека е човекот кој го открил ова востание, поточно бил првиот научник кај нас, кој детално се занимавал со причините, поводот, текот и крајот на востанието на Дервиш Царе. Овој историчар во една од своите први студии посветена на ова востание, во 1980 година, запишал дека и покрај фактот што ова востание започнало во Македонија, а потоа се проширило на Косово, јужна Србија и Албанија, тоа не било предмет на „монографско обработување ни во Србија, ни во Албанија, ни во Македонија, туку постоеја само кратки искажувања од поодделни истражувачи". Причината Матковски ја лоцирал во недостатокот на извори, поточно во фактот што истите не биле откриени и истражувани. Мора да забележиме дека овој историчар открил интересни извори од француско, австриско и англиско потекло. Но, секогаш се поставува прашањето дали ова востание избило случајно, поточно дали имало причини и повод за тоа? Почетокот на востанието во доцната есен на 1843 година не било случајно, ниту без причина, барем не за неговиот водач и неговите поддржувачи.

Првата половина на 19 век била период на големи и значајни промени на Балканот кои ја засегнале Османлиската империја, некогаш една од најмоќните држави на светот. Во периодот од 1804 до 1830 година султановата држава се соочила со востанијата во Србија и во Грција. Нејзината армија, која полека била во фаза на реформи, не успеала да се справи со српските и грчките востаници. Заради тој неуспех Османлиската империја морала да се согласи Србија да стане автономно кнежевство, а Грција независно кралство. Така патот кон потиснување на Османлиите од Балканот бил отворен.

Востанијата на некогашните христијански поданици на султановата држава не биле единствениот проблем со кој се соочувал Цариград. Падот на моќта и постојаното слабеење на државата во XVII, и посебно во XVIII век, довеле до одметнување од централната власт на моќни муслимански локални паши, бегови и аги, кои формално ја признавале врховната власт на султанот, но фактички делувале независно. Такви муслимански аги, бегови и паши се појавиле на териториите на денешните држави, Бугарија, Босна и Херцеговина, Албанија. Централната власт не можела да ги контролира, па затоа морала да им прави отстапки кои биле на нејзина штета, а го поткопувале и нејзиниот углед помеѓу населението. Исто така мора да забележиме дека османлиската држава, некогашниот страв и трепет за европските земји, во XVIII и почетокот на XIX век постојано ги губела војните, особено со сè помоќната Русија. Сето тоа неодложно покажувало потреба од реформи на државата, пред сè на војската, а потоа и на целиот систем. Реформите требале да ја стабилизираат земјата, да придонесат за нејзино зајакнување. Така барем замислувале тие кои сакале да ја реформираат државата.

Реформите на државата, која не само што ги губела војните, туку започнала да ги губи и своите балкански поседи или територии, не можеле да бидат успешни без справување со немирните и непослушни муслимански паши. Османлиската држава колку и да се соочувала со надворешни и внатрешни проблеми морала да се пресмета со непослушните муслимански паши. Така, паралелно со грчкото востание, османлиските воени сили се справувале со Али паша Јанински, чија полунезависна независна територија ја ставиле под своја контрола во 1822 година. Подоцна истото ќе го направат и со Бушатлиите во Скадарскиот пашалак.

Еден настан во Битола во 1830 година сигурно имал влијание врз однесувањето на Албанците кон османлиските власти. Настанот покажал дека османлиската централна власт немала доверба кон беговите од јужните делови на Албанија. На 26 август 1830 година Големиот везир Решид паша повикал неколку стотини бегови од јужна Албанија со цел, како што им било кажано, да ги награди за нивното учество на страна на османлиските сили во судирите со грчките востаници. Всушност Решид паша ги измамил со цел да ги натера да дојдат во Битола. Наместо награда, следело сурово убиство на беговите од јужна Албанија. Според Сара Инглис овој масакр бил направен со цел да се спречи можен нивен бунт под влијание на настаните за време на грчкото востание, но и случувањата на Балканот и во други делови од Европа во овој период. Како и да е овој

настан останал долго запаметен помеѓу албанските аги, бегови и паши. Претходно на сличен начин султановата власт се пресметала и со Јаничарите, кои од некогаш најелитна воена единица на османлиската армија, станале главни противници и кочничари на реформите.

Голем чекор кон општо реформирање на државата и постепено давање права на немуслиманскиот елемент било издавањето на Ѓулханскиот хатишериф на 3 ноември 1839 година. Со овој акт било предвидено полна сигурност за животот, имотот и честа на султановите поданици, редовен начин на распределување и собирање на даноците и утврден рок на земање на војници и рок на нивната служба. Кога е во прашање овој настан, турскиот историчар Илбер Ортајли забележал дека за групата бирократи што го прочитала овој акт, и го отвори новиот период во историјата на Османлиската Империја „се зборувало дека се диктатори на Високата Порта. Не само што тој ден започнала реформата во Османлиската Империја, туку на тој ден започнал периодот на вистинското владеење на Високата Порта“. Всушност реформите не значеле само давање на некакво право на султановите поданици, туку и обид за осовременување на државата, особено на вооружените сили, но и на поголема контрола, посебно во финансискиот систем. Тие требале да означат и крај на моќта на локалните големци.

Во 1843 година биле воведени воените реформи на Риза паша, според кои војската требала да има 5 армиски команди, од кои едната била во Румелија т.е. во европскиот дел на државата. Резервата требала да има секоја година обука. Еден дел од овие реформи, изгледа не биле прифатливи, за албанските муслимани. Тоа се однесувало на регрутацијата во регуларната војска, но и во резервата. Овие реформи се покажале како неприфатливи за некои муслимани во регионот. Тие не сакале да ги напуштаат областите каде живееле и да одат на оддалечени места. Според некои податоци и во другите делови на империјата имало незадоволство од овие воени реформи.

На теренот одредени паши не сакале да соберат војници за регуларните единици на османлиската армија. Дали тоа го правеле зошто не сакале, чувствувајќи се загрозени или пак не можеле е интересно прашање, кое тука нема да го обработуваме. Матковски дава неколку причини за кревањето на востанието на Дервиш Царе. Едната од нив било разрешувањето на тројцата паши, инаку браќа, кои биле многу влијателни помеѓу албанското муслиманско население. Тројцата браќа Х'фзи, Абдурахман и Хасан управувале со териториите кои ги наследиле од нивниот татко. По извесно време тие започнале да не се согласуваат помеѓу себе, па дури постоела и опасност од меѓусебен

судир. Според еден извештај на францускиот конзул од Солун, откако владата дознала за нивниот судир ги повикала во Цариград, каде лично султанот се зазел да ги помири, но пред да ги пушти да заминат побарал нешто што тие не можеле да го сторат за него. Имено, султанот, согласно потребите на државата, побарал од нив да испратат војници во Одрин, како што било случајот во целата држава. Пашите одговориле дека не биле во состојба тоа да го сторат, но можат да соберат колку што султанот ќе посака нерегуларни војници. Наместо дома, тој пашите ги испратил во прогонство во Анадолија. Ова најверојатно се покажало како решавачко за тоа што подоцна ќе се случува.

Всушност прогонот на пашите во Мала Азија не бил случаен, ниту пак неочекуван. Рускиот конзул во Битола во 1862 година се осврнал и на ова востание. Тој, меѓу другото, запишал: „ Оваа фамилија се користеше со големото влијание кое го имаше над сите Арнаути. Секој збор на пашите кои имаа целосна власт, беше закон за Арнаутите кои беа приврзани за нив. Владата во Стамбол со недоверба гледаше на полунезависните паши, кои често откажуваа да ги извршат нејзините налози, па чекаше само момент да им ја одземе власта на оваа моќна фамилија. Брзо се појави тој момент. Браќата се скараа околу наследството...“. Останатото е веќе спомнато.

Инаку отпорот на албанските муслимани против нивното одење во регуларната војска не биле непознат. Според еден документ од српско потекло, од 5 јули 1843 година, може да забележиме дека постоело бунтовно расположение помеѓу албанското население заради барање Албанците да дадат војници во регуларната османлиска војска. Тоа значи дека тетовските паши навистина не можеле, а и не сакале да соберат војници.

По отстранувањето на Абдурахман паша на негово место бил поставен неговиот брат Џеладин бег кој за разлика од неговиот претходник не бил многу способен. Тој не ја контролирал ситуацијата на теренот. Во Гостивар тоа време управник бил Дервиш Царе кој потекнувал од селото Палчиште. Според тоа што досега е познато, тој првично се грижел во градот да нема поголеми проблеми, меѓутоа османлиското барање на војници за регуларната армија, незадоволството кај албанските муслимани и слабиот карактер на Џеладин бег му овозможило на Дервиш Царе да се истакне. Тој успеал да го искористи незадоволството на локалното население и застанал на чело на бунтот, кој според Матковски најверојатно започнал во ноември 1843 година. Дервиш Царе воспоставил контрола во Гостивар и се упатил кон Тетово каде се соочил со отпор на луѓето на Џеладин бег, кој подоцна се повлекол, поточно побегнал во Скопје. Меѓутоа Дервиш Царе морал уште одредено време да се бави со отпорот на Хаџи Хасан, кој се затворил на

Тетовското кале и од таму давал отпор, но на крај бил скршен. Тетово станал центар на востаниците. Царе им говорел на локалните албански муслимани да бараат од султанот да не бидат регрутирани за потребите на регуларната војска. Доколку тоа било одбиено, забележал Тосков, тој ќе поведел на Цариград.

Следна цел на востаничките сили на Дервиш Царе било Скопје. Во меѓувреме тој ги информирал со писмо локалните паши за неговата дејност. Од друга страна некои странски конзули како британскиот во Солун, се интересирале за можноста османлиската војска да интервенира. Според неговите зборови тој дознал дека заради необично острата зима било решено да се почека пролетта за да се започне со интервенција. Исто така тој прашувал и други луѓе колку војници биле потребни за да се задушат бунтовничките активности. Тој добил одговор дека не биле потребни многу големи воени сили, особено ако се има предвид дека бунтовниците се плашеле од артилеријата. Но, од друга страна пак добивал информации дека османлиските војници, барем така го известувале, не биле премногу расположени да се борат со албанските бунтовници. Колку овие информации биле вистинити покажала иднината. Францускиот конзул во Солун, пак, искажал загриженост за можноста од големо крвопролевање, кое ќе има големи последици.

Без разлика какви биле мислите на странските конзули, кои очигледно Дервиш Царе не ги знаел, ниту пак какви биле размислувањата на османлиските власти за справување со ситуацијата, востанието се ширело. Востаниците првично се појавиле во околината на Скопје, а некои странски конзули како францускиот во Солун, се сомневале зошто скопскиот управник Хасан паша не преземал порешителни мерки против активностите на Дервиш Царе. Кон крајот на февруари тие влегле во Скопје, но не ја зазеле и градската тврдина. Васил Кнчов забележал дека скопскиот паша се заканувал дека ќе го бомбардира градот. Според Тосков, пашата со војниците издржал неколку месечна опсада. Тврдината не била освоена, но во градот бил воспоставен востанички совет.

По заземањето на Скопје, без тврдината, востаниците ги зазеле и Куманово каде главен водач бил Бајрам Ваксинчани, кој го признавал Дервиш Царе за свој командант. Кон крајот на февруари 1844 година востаниците ја зазеле и Крива Паланка. Така цела северна Македонија се нашла во нивни раце.

Матковски забележал дека на почетокот од востанието христијанското население имало некакви симпатии за бунтовниците, но овие започнале да ги пљачкаат и лошо да

се однесуваат кон нив. Затоа, според споменатиот македонски историчар, христијаните се дистанцирале од бунтовниците. Информации во кои се говори за многу лошото однесување кон христијанското население од страна на бунтовниците може да најдеме во некои конзулски извештаи.

Гласините и тврдењата за насилство на востаниците врз христијанското население биле негирани од нивна страна. Хенри Леард се сретнал со Дервиш Царе, и меѓу другото, на последниов му укажал на гласините и тврдењата дека неговите луѓе вршеле насилство врз христијаните. Тој и неговите соработници ги отфрлиле овие тврдења како османлиска манипулација и го кажувале спротивното, односно дека освен собирањето на даноците за кои сметале дека се овластени да ги собираат не се судриле со христијаните.

Вестите за акциите на востаниците се ширеле брзо во регионот. Во текот на подготовката на овој текст наидовме на еден интересен документ објавен во британското дипломатско списание The Portfolio во 1844 година. Во овој документ се нагласува загриженоста на српската влада од тоа што се случувало со делувањето на албанските бунтовници и нивниот однос кон христијаните, затоа автономната влада во Белград им нудела помош на османлиските власти со испраќање на нејзината милиција, за која сметала дека е целосно подготвена да се бори со Албанците во планините. Иако во документот не се споменува Дервиш Царе, датата на истиот - 1 април 1844 година се поклопува со востанието.

Вестите за востанието ги заинтересирале и странските претставници во Цариград. Па така, тамошниот британски пратеник Стратфорд Кенинг му дал задача на подоцна познатиот археолог, историчар на уметност, политичар и дипломат Хенри Остин Леард, човекот кој откопувал во Нимруд и Нинива, да замине за Македонија и да види што се случува. Интересот на Кенинг за настаните во Македонија не бил случаен. Според Илбер Ортајли, Кенинг бил воодушевен од Танзиматските реформи кои тој ги гледал како еден вид револуција, иако следбениците на Танзиматот не биле револуционери, туку реформатори. Ако се има предвид дека токму востанието предводено од Дервиш Царе било против еден дел од тие реформи, тогаш мисијата на Леард во Македонија не била случајна.

Власта во Цариград во пролетта 1844 година решила да преземе посериозни чекори за справување со востаниците. Во таа насока османлиските воени сили се подготвувале да го задушат востанието. Освен воени подготовки биле преземени и други

чекори за заслабување на востаниците. Па така во април 1844 година се ширеле гласини дека бил издаден ферман со кој султанот ќе им простел на оние Албанци кои ќе го положеле оружјето „ и оти нема да ги присилуваат да служат во регуларната војска освен оние, што одбиваат да му се покорат на мирот на султанот". Во игра влегол и поткупот. Така, францускиот конзул од Солун забележал дека во овие судири биле потрошени многу пари, а ќе бидат потрошени уште повеќе со цел да се постигне разединетост меѓу бунтовниците.

Пред да започнат операциите на османлиската војска против главнината н востаниците на Дервиш Царе, османлиските војски, во кои според француските и британските дипломатски извештаи, имало Албанци -Тоски, ги поразиле востаниците кај Кичево. Но главната операција допрва следела.

Хенри Остин Леард дошол во Македонија и бил сведок на судирите на востаниците со османлиските сили. Неговата мисија има еден доста интересен момент. Тој станал посредник во преговорите на Омер Паша Латас со востаниците за избегнување на понатамошно крвопролевање. Леард во своите записи не крие дека имал некакви симпатии за востаниците, кон кои се упатил заедно со еден османлиски војник кој требал да биде негов преведувач. По неколку дена тој стигнал во логорот на Дервиш Царе со кого започнал преговори за избегнување на поголем судир со османлиските сили.

Разговорот помеѓу Леард и Дервиш Царе, всушност, ни дава појасна слика зошто избило востанието и кои се причините Албанците да земат оружје во рака. Па така, Царе на англискиот посредник му кажал дека тие решиле да не ја прифатат османлиската власт во нивните планини, да не се покоруваат на новите танзиматски закони и дека не можат да прифатат регрутација во регуларната војска, а „во сѐ друго тие се спремни да го послушаат султанот на кого му се верни и предани поданици, и според можноста, ветуваа дека ќе го снабдуваат со нередовни воени трупи на чело со команданти. Ако нивните барања не бидат прифатени, тие решиле да се борат до последниот и да ги бранат своите непристапни планини против војските на султанот". Тука треба да споменеме дека и австриската конзул од Солун во својот извештај од 19 април 1844 година, значи пред разговорот на Леард со Дервиш Царе, забележал дека Албанците тврдоглаво ќе се бореле против султанот. Леард му објаснил на Царе дека било невозможно османлискиот командант да ги прифати нивните барања, со напомена дека доколку продолжат да инсистираат на своите барања, нивната област ќе биде опколена од султановите војски и тие ќе бидат принудени да се потчинат на власта. Тој им ги изложил условите на Омер

паша, кои, како што самиот вели, биле доста поволни и пристојни. Тој се обидувал да ги наговори да ги прифатат со цел да се избегне понатамошно крвопролевање. Леард пишува дека по многу дискусии Царе и неговите приврзаници се согласиле да ги прифатат сите услови поставени од османлискиот воен командант со исклучок на регрутацијата, изјавувајќи дека „давањето на регрути во редовната војска, во обука, како и облекувањето во европски алишта е спротивно на нивната религија, традиција и племенски обичаи. Тие се спремни да служат, како што секогаш и биле, но никогаш нема да се согласат да бидат во редовната војска. Ми дадоа на знаење дека повеќе сакаат да загинат до последниот, отколку да попуштат“. Леард и Царе и следниот ден разговарале, но резултатот останал ист. Албанските бунтовници, поточно нивниот водач и неговите соработници останале на ставот дека се подготвени сѐ да прифатат со исклучок на регрутацијата. Посредникот се вратил кај Омер паша и повеќе од јасно било дека османлиските сили ќе нападнат, бидејќи биле подготвени за таква акција, а и одбиле еден напад на востаниците на нивниот логор, така известува Леард кој бил во османлискиот логор.

Средината на мај 1844 година се покажала како решавачка за востанието. Османлиските сили предводени од поранешниот австриски офицер, Омер паша Латас, започнале со воените операции со цел да ги поразат востаниците. Првично тие успевале да се бранат од нападите на султановата војска, но на 17 мај османлиската војска извела еден вешт воен маневар со цел да избегне поголеми загуби доколку од Велес се движи кон Скопје преку клисурата по текот на Вардар и на Пчиња. Следниот ден започнала решавачката битка помеѓу војската предводена од Омер паша и востаниците. Исходот бил повеќе од извесен. Востаниците кај Катланово храбро се бореле, но како што забележуваат и странските конзули од Солун, а и Леард, тие немале никакви шанси со османлиската редовна војска, која за разлика од нив била и дисциплинирана и обучена и имала артилерија. Како и да е, патот за Омер паша Латас кон Скопје бил отворен.

Инаку поразот на востаниците довел до ширење на гласини и информации кои сметаме дека се малку контрадикторни. Францускиот конзул во Солун, известил дека „прочуениот Дервиш Чам, еден од највлијателните водачи на побунетите, откако го виде поразот на своите, отиде лично кај Омер паша да побара „аман““. Британскиот конзул во Солун, пак пишува дека Дервиш Царе бил заробен при битката кај Катланово. Од друга страна Леард кога пишува за средбата и разговорите со Дервиш Царе, вели дека таа се

одржала подалеку од местото каде се одиграла решавачката битка со која на некој начин била решена судбината на востанието.

Оваа битка не била интересна само за странските конзули, туку, изгледа и за некои весници. За битката кај Катланово најдовме и краток запис во списанието The Anglo American Review, каде се говори за поразот на востаниците во судирот со османлиската војска.

После победата кај Катланово, бунтовниците се повлекувале во безредие, а султановите сили се движеле кон Скопје. Османлиската војска пред да влезе во градот имала судир со дел од востаниците кај селото Црешево. Но, тоа веќе немало никакво значење. Султановата војска без борба влегла во Скопје и го ослободила гарнизонот кој бил блокиран во тврдината.

Заземањето на Скопје од страна на османлиските војски не значело и крај на востанието, но тука повторно се појавила ориенталната итрина. Хајредин паша, како што може да забележиме во извештајот на францускиот конзул од Солун, ги повикал водачите на бунтовниците со цел да им прочита ферман кој се однесувал за нив.

Водачите на бунтот пристигнале во Скопје, но пашата наредил тие да влезат во тврдината без нивната придружба и без оружје. Кога влегле кај него, тие почнале да разговараат со пашата кој ја фалел добрината на султанот напаѓајќи го бунтот истовремено. Во еден момент во просторијата влегле вооружени лица кои ги врзале поканетите водачи, а потоа ги испратиле во Цариград. Леард кој бил присутен на оваа сцена бил зачуден како пашата мирно седи како ништо да не се случува, истовремено не можел да ја скрие разочараноста од како што вели овој нечесен акт.

Однесувањето и стапицата на Хајредин паша од страна на францускиот конзул во Солун била споредена со колежот на албанските бегови во Битола, иако тоа не се случило и во Скопје. Леард пак забележал: „Чесните ветувања за безбедноста од страна на турските големци завршуваа со насилства и беа толку чести што беше чудно како албанските водачи подлегнуваа на овие измами“.

По заземањето на Скопје, прашање на време било кога османлиските војски ќе влезат во Тетово и Куманово, особено што востаниците по поразот кај Катланово биле деморализирани. Иако некои стравувале од понатамошно крвопролевање, сепак настаните се одвивале со голема брзина. Борците на дебарските бегови Дало - бег, Али -

бег, како и Хаки - паша, кои биле лојални на султанот, влегле во Тетово, а потоа влегле и во Гостивар. Омер паша по неколку дена од Скопје тргнал за Куманово, каде по сѐ изгледа водачите на тамошните востаници сами се предале.

Дервиш Царе немал повеќе шанси со османлиските сили. Леард забележал дека измамата на скопскиот паша довела до крај на востанието, бидејќи Дервиш Царе, без поддршка од другите побунети водачи, кои биле затворени и изневерени од своите следбеници, набргу се предал на османлиските власти.

Главниот водач на востанието бил испратен во Солун заедно со други влијателни бунтовници. Во градот тие биле водени низ улиците, спроведени од 400 војници, заедно со звуците на воената музика. Тоа најверојатно било направено со цел да се покаже колкава била победата. Францускиот конзул во овој град успеал да го види Дервиш Царе како заробеник. Тој му пришол и малку поразговарале. Кога заробениот востанички водач дознал дека разговара со францускиот конзул на последниов му рекол дека Французите се нивни роднини и пријатели. Дервиш Царе на францускиот дипломат, исто така, му кажал и за разговорот кој го имал со Омер паша Латас. Османлискиот командант, според кажувањето на Царе, го прашал дали востаниците биле поттикнати од Французите. Ова нормално го заинтересирало францускиот конзул кој го прашал Дервиш Царе за неговиот одговор кој бил негативен, односно како што изјавил „тоа не било вистина, инаку ние не би биле тука“. Потоа тој бил испратен заедно со другите заробеници за Цариград. Инаку Леард кој имал можност да го запознае и да преговара со Дервиш Царе во своите записки забележал дека следната година кога одел од Пера во Бујукдере, во османлиската престолнина, сретнал една група затвореници како поправаат пат и забележал дека го видел Дервиш Царе со кого малку поразговарал. За разлика од францускиот конзул во Солун и Леард, кои имале некакви позитивни впечатоци за Дервиш Царе, британскиот дипломатски претставник во Солун, Чарлс Блант, во својот извештај до амбасадорот во Цариград, не покажал некое восхитување за заробениот водач на востанието.

Поразот на востаниците не значел дека албанските муслимани лесно ќе се помиреле со реформите за кои сметале дека им ја нарушуваат традицијата и верата. Васиф Мехмет паша во разговор со британскиот конзул во Солун го изнел своето мислење според кое „Албанците нема да му се покорат на низамот и ми рече дека тоа било општото мислење на офицерите во армијата“.

Ова востание не останало незабележано од страна на современиците, но и подоцна од страна на некои научници. Неколку години по востанието на Дервиш Царе во регионот патувал британскиот патописец Едмунд Спенсер. Тој во својот патопис се осврнал и на ова востание. Најверојатно тој пишувал според тоа што го слушал на теренот. Па така, Спенсер пишува за Дервиш Царе и му дава и некакви исцелителски моќи, а исто така забележал дека овој држел проповеди против реформите на султанот по џамиите. Спенсер дава и краток опис на востанието. Ова покажува дека востанието на Дервиш Царе оставило траги во регионот и помеѓу населението. Меѓутоа и некои други информации говорат за тоа дека некои научници, но и новинари, имале сознанија за ова востание. Семјуел Џејкоб во книгата за историјата на Османлиската Империја кратко пишува за настаните од 1844 година, кои ги смета за албански бунт, без да го спомне Дервиш Царе. Во списанието Автономија, кое излегувало во Софија, во статијата која била објавена на 28 ноември 1898 година, со наслов „Македонците и Албанците", се спомнува востанието на Дервиш Царе. Спиридон Гопчевиќ во својата книга која се однесува на историјата на Црна Гора и Албанија, споменува за активноста на Омер паша Латас во 1844 година, поврзани со настаните во северните делови на Македонија. Исто така мали и скудни податоци може да најдеме и во статијата на австро-унгарскиот дипломат Теодор Антон Ипен за албанската историја во 19 век, објавена во 1916 година, каде е забележан како Дервиш ага Зара. Како причина за востанието Ипен, кој како дипломат и научник се интересирал за Албанците, го наведува незадоволството од обидот за регрутација, како и незадоволството од централната влада и даноците.

Востанието на Дервиш Царе, како што и самиот изјавил пред Леард, било кренато затоа што тие не можеле да се согласат со реформите во османлиската држава, особено со барањето албанските муслимани да служат во регуларната османлиска војска надвор од областите во кои живееле. Османлиската држава првично внимателно ги следела востаничките акции, но откако забележала дека ситуацијата може да излезе од контрола испратила воени сили кои го задушиле востанието. Матковски забележал дека една од последиците на ова востание било осетното заслабување на моќта на локалните паши, а тоа овозможило на сцена да се појават други сили, односно личности кои ќе имаат влијание, во овој слу

чај врз Албанците.

**Литература**:


Bruce N. William (ed.), Sir Henry Layard, Autobiography and letters from his childhood until his appointment as H.M. Ambassador at Madrid, Vol.2, John Murray, London, 1903

Gopčević Spiridon, Geschichte von Montenegro und Albanien, Friedrich Andreas Perthes A.G., Gotha, 1914

Inglis Sarah, Origins of the Albanian national awaking, Haemus Journal, vol. 2, 2013

Ippen Theodor, Beiträge zur inneren Geschichte Albaniens im XIX jahrhundert, Illyrisch - Albanische Forchungen, vol. 1, Vienna 1916

Jacob Samuel et al., History of the Ottoman Empire, including a survey of the Greek empire and the Crusaders, Richard Griffin and company, London and Glasgow, 1854

Кънчов Васил, Избрани произведения, т.2. Наука и изкуство, София, 1970

Матковски Александар, Ангелакова Поликсена, Патувањето на двајца Англичани низ Македонија во 1839, 1842 и 1844 година, ГИНИ, XVIII/1, Скопје, 1974

Матковски Александар, Востанието на Дервиш Царе во Полог, Полог низ вековите. Бигорски научно културни собири 1978-1979, Скопје, 1980

Матковски Александар, Документи од Виенската и Задарската архива за востанието на Дервиш Царе, ГИНИ, XXI/2-3, Скопје, 1977

Матковски Александар, Извештаи на фрацуските конзули од Солун за востанието на Дервиш Царе, (23. VIII 1843 - 16. V 1848), ГИНИ, XXIII/1, Скопје, 1979

Матковски Александар, Отпорот во Македонија, т. 4, Мисла, Скопје, 1983

Memoir of the Serbian government. On the Subject of the Distrust expressed to the French Ambassador, by the Ambassador of England and the Internuncio of Austria in regard to the Slaavs, and their connection with the Poles, The Portfolio, diplomatic review, Vol. III, London, 1844

Ортајли Илбер, Најдолгиот век на империјата, ИНИ - МАТУСИТЕБ, Скопје, 2009

Полјански Андонов Христо, Британски документи за историја на македонскиот народ, т. 2, Архив на Македонија, Скопје, 1977

Поплазаров Ристо, Еден интересен документ за „Бунтот на Дервиш Цар“, ГИНИ, XVIII/1, Скопје, 1974

Spencer Edmund, Travels in European Turkey in 1850, through Bosnia, Servia, Macedonia, Bulgaria, Macedonia, Thrace, Albania and Epirus; with a visit to Greece and the Ionian isles, vol. II, Colburn and Co., Publishers, London, 1851

Тодороска Катерина, Македонците и Албанците од Берлинскиот конгрес до Илинденското востание, Менора, Скопје, 2011

Тосковъ Г. Тетовските паши, Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина, XI, София, 1894

Џамбазовски Климент, Грађа за историју македонског народа из Архива Србије, т.1, књига 1 (1820-1848), Београд, 1979

Şimşek Veysel, The first 'Little Mehmeds": Conscripts for the Ottoman Army, 1826-53, The Journal of Ottoman studies, XLIV, 2014